2 3. IV. 1967



Богдан Кршиќ: ПОРТРЕТ II (Од графичката галерија во Битола)

Сликарство

* Петмина графичери во Галеријата на графиката во Битола

# Хетерогени естетски и содржински белези

Љ. Дамјановска)

атиот месец во Битола бе-
орена изложбата Современа
венска графика. Со отвора-
а оваа изложба Уметничка-
ерија „Моша Пијаде" го
своето прераснување во
а на современа југословен-
фика. Изложбата ја подгот-
инетот за графика при Ју-
нската академија на науки-
етностите од Загреб и Му-
а современа уметност во
по барање на Галеријата
ола. Концепцијата на из-
а е, од изложениот матери-
еријата во Битола да соз-
нова за сопствена графич-
ка. Застапени се 45 автори
рафички дела, од кои 18 му
ат на загрепскиот, 10 на
скиот, 12 на белградскиот и
опскиот ликовен круг.

менатa југословенска гра-
е одликува со разновидност
еристична за современата
т воопшто, со доминантен
к за комплексно сфаќање
рноста и со настојување за
ње во битот на светот кој
ужува. Меѓу учесниците на
ата се застапени повеќе ју-
нски афирмирани уметни-
и во графиката постигнале
резултати: Рико Бебеањак, Маријан Детони, Јожа Хорват Јаки, Андреј Јемец, Јанез Бољка, Владимир Макуц, Бранко Миљуш, Миодраг Негорни, Коста Ангели Радовани, Миливоје Николајевиќ, Анкица Опрешник, Мирослав Шутеј, Карел Зеленко и др.

Посебен дел од изложбата посветен е на македонската современа графика, кој има за цел да ги прикаже настојувањата на нашите уметници со графички творби, создадени во последниве неколку години, напоредо со творбите на другите графичари од Југославија.

Графичката уметност во Македонија по своите стилски, естетски и содржајни белези е хетерогена, но сепак претставува една целина, бидејќи нејзините творци временски и припаѓаат на генерацијата ликовни уметници творечки формирани од 1953 година наваму. Тие сите имаат слични преокупации, но сепак во себе носат извесни одлики зависно од средината каде се школувале, внесувајќи притоа и свои лични акценти, поврзани со нивниот талент и настојувања во ликовниот израз. Уште во првите повоени години дојде до едно диференцирање на концепциите, афинитетите и творечките можности на графичарите. Додека поедини уметници им даваат приоритет на своите интелектуални можности, другите се ослонуваат на своите емоционални чувства, трети, пак, својот талент го изразуваат преку графички експерименти. Така во графичките творби на македонските ликовни уметници се среќнуваме со стилски белези што се движат помеѓу реалистички и декоративни, експресионистички и кубистички сфаќања, додека поедини својот ликовен свет го наоѓаат преку апстрактни концепции.

Македонските ликовни уметници успеаа да се афирмираат со своето учество на повеќе графички изложби во земјата и во странство, да бидат забележани и добијат неколку признанија и награди. На изложбата со свои графички творби застапени се Аврамовски Драгутин — Гуте, Марковиќ Љубодраг — Пенкин, Барутовски Божин, Спировска Менче и Петар Хаџи Бошков.

**АВРАМОВСКИ ДРАГУТИН — ГУТЕ**, е наш несомнено најистакнат и најплоден графичар, кој од своите почетоци до денес во графиката минал низ повеќе фази. Почнувајќи со нагласена архаична и експресионистичка стилизација на формите, Аврамовски подоцна се свртува кон надреализмот и метафизичката уметност со извесни примеси на кубизам, а во последните свои творби се приближува кон енформелот и создава графики со ликовно облагородена фактура, пиктурално изнијансирана, со упростување на односите на геометриските планови и создавање на послободни површини.

**БАРУТОВСКИ БОЖИН**, наш исто така плоден графичар е добитник на II награда за графика на изложбата „НОБ во делата на југословенските ликовни уметници" во Белград 1966. Содржински неговата графика е поврзана со определена тематика и има своја лична, спонтана и драмска изразност. Упростувањето на формите, наметливата стилизација и семетричноста во композицијата, претставуваат настојување на уметникот да постигне сигурност во изразот. И во своите последни дела Барутовски останува при својот рудиментарен, лапидарен и експресивен потег.

**МАРИНКОВИЌ ЉУБОДРАГ — ПЕНКИН**, успеал да создаде свој личен стил во графиката. Разработува теми од интимен карактер, прикажувајќи разни расположенија и атмосфера на одредени амбиенти и поднебја. Во неговите графики се чувствува тенденција кон апстрактна геометризација на формите, упростување на објектите и ослободување од излишно детализирање. Преку интензивно нагласени црно-бели полиња, забележени линии и сенки и смисла за боени површини успева да го употполни доживувањето на прикажаните личности. Неговиот ликовен јазик близок до експресионизмот е динамичен и езгровит.

**СПИРОВСКА МЕНЧЕ** се прикажува како уметник кој има богата чулно-емотивна сила, која се чувствува во секое движење на линијата. Со усет ги комбинира и урамнотежува графичките површини, преку кои се изразува богатството на графичките линии и контрасти, истовремено постигнувајќи мекост на фактурата и експресија на изразот.

**ХАЏИ-БОШКОВ ПЕТАР** е една самобитна уметничка индивидуалност во нашата современа ликовна уметност. Предимно скулптор, Хаџи Бошков се занимава и со графика која претставува единствен пример во графичкото творештво во Македонија. Од чисто реалистички сфаќања во почетокот, преминува кон упростување на формите, геометризација и успева да постигне максимална пластичност во своите графики. Стилот му е синтетичен, формите скулпторално чисти. Со упростени линии, најчесто поставени во дијагонала, постигнува складна пропорција на своите претстави и идеи.